Врз основа на член 23 став (8), член 24 став (8), член 25 став (9) од Законот за ревизија ("Службен Весник на Република Македонија" бр.158/10, 135/11, 50/12, 188/13, 43/14 и 138/14), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија на седница одржана на 24.11.2014 година донесе:

**Упатство**
**за формата и содржината на лиценца за овластен ревизор, лиценца за работа на друштво за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор - трговец поединец**

Член 1

Со ова упатство се пропишува формата и содржината на лиценца за работа на овластен ревизор, лиценца за работа на друштво за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор - трговец поединец.

Член 2

Лиценцата за работа на овластен ревизор се издава на образец во А4 формат, украсен моден картон, печатен на фул колор, сув ѕид на златна фолија.

Формата и содржината на лиценцата за работа на овластен ревизор се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

Лиценца за работа на друштво за ревизија се издава на образец во А4 формат, украсен моден картон, печатена на фул колор, сув ѕид на златна фолија.

Формата и содржината на лиценцата за работа на друштво за ревизија се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на ова упатство.

Член 4

Лиценцата за работа на овластен ревизор – трговец поединец се издава на образец во А4 формат, украсен моден картон, печатена на фул колор, сув ѕид на златна фолија.

Формата и содржината на лиценцата за работа на овластен ревизор - трговец поединец се дадени во Прилог 3, кој е составен дел на ова упатство.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на ова упатство, престанува да важи упатството за формата и содржината на лиценцата за работа за вршење на работи на ревизија на овластен ревизор, друштва за ревизија и овластен ревизор - трговец поединец, број 02-42/1 од 20.02.2013 година.

Член 6

Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла во седиштето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

Претседател на Советот
Соња Ѓелова – Стојанова

Број 02-516/1
26.11.2014 година
Скопје

**ПРИЛОГ 1**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

*Врз основа на член 8 став (1) точка 3 од Законот за ревизија ("Службен Весник на Република Македонија" број 158/10, 135/11, 50/12, 188/13, 43/14 и 138/14), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија издава*

***ЛИЦЕНЦА ЗА ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР***

______________________________________________

**(име, татково име и презиме)**

***Регистарски број на лиценца*** __________

*Лиценцата за овластен ревизор се издава врз основа на член 23 став (3) и (4) од Законот за ревизија.*

*Број*____________

___.___. ________ *година*

*Скопје*

*Претседател на Советот*

*Соња Ѓелова - Стојанова*

**ПРИЛОГ 2**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

*Врз основа на член 8 став (1) точка 3 од Законот за ревизија ("Службен Весник на Република Македонија" број 158/10, 135/11, 50/12, 188/13, 43/14 и 138/14), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија издава*

***ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА НА ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА***

______________________________________________

**(назив и седиште на друштвото)**

***Регистарски број на лиценца*** __________

*Лиценцата за работа на друштво за ревизија се издава врз основа на член 24 став (1), (2), (3), (4) и (5) од Законот за ревизија.*

*Број*____________
___.___. ________ *година*
*Скопје*

*Претседател на Советот*
*Соња Ѓелова - Стојанова*

**ПРИЛОГ 3**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

*Врз основа на член 8 став (1) точка 3 од Законот за ревизија ("Службен Весник на Република Македонија" број 158/10, 135/11, 50/12, 188/13, 43/14 и 138/14), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија издава*

***ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА НА ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР – ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ***

________________________________________________

**(назив и седиште на друштвото)**

***Регистарски број на лиценца*** __________

*Лиценцата за работа на овластен ревизор трговец – поединец се издава врз основа на член 25 став (1), (2), (3), (4), (5) и (6) од Законот за ревизија.*

*Број*____________
___.___. ________ *година*
*Скопје*

*Претседател на Советот*
*Соња Ѓелова - Стојанова*